ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-197/2

Дата: 24.02.2011

ДО
ЈАВНА ЗДРАВСТВЕНА УСТАНОВА
ЗАВОД ЗА НЕФРОЛОГИЈА СТРУГА

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Завод за нефрологија Струга (во натамошниот текст Завод) за 2009 година.

За годините кои и претходат на годината што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

Врз основа на резултатите од ревизијата, ние не бевме во можност да изразиме мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи, како и за прашањата во врска со усогласеноста на активностите, финансиските трансакции, информациите со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики, рефлектирани во финансиските извештаи за 2009 година.

Заводот нема увид над реалниот потрошок на лекови, медицински и лабораториски материјали, залихи во секое одделение одделно, оневозможено е следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба, како и контрола при управување и користење на истите и постои можност од злоупотреба при нивно користење и располагање. Во тек е имплементирање на модул со кој ќе се овозможи целосна евиденција на приемот, потрошокот и залихите на лекови, медицински и лабораториски материјали на ниво на Заводот. Ревизијата препорачува надлежните органи за управување и раководење со Заводот да превземат активности за имплементирање на горенаведениот модул.

При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, ревизијата констатира одредени состојби кои упатуваат на несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка, како и делење на набавките за лекови и медицински материјали заради избегнување меѓународен тендер, не е воспоставено следење на реализација на договорите за јавна набавка, поради што Заводот има превземено обврски во вкупен износ од 2.179 илјади денари над вредноста на склучените договори. Ваквата состојба предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и не обезбедување фер конкуренција, еднаква и не дискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките, како и набавки по повисоки цени..

Укажуваме, дека јавните здравствени установи при спроведување на постапките за јавни набавки, се соочуваат со состојба да склучуваат договори со економски оператори за набавка на лекови, по цени повисоки од утврдената референтна цена од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, која преставува износ кој Фондот го надоместува.
Економскиот оператор со кој се склучени договорите се јавува како единствен понудувач на бараниот лек. Поради набавка на лекот по повисока цена од рефентната цена се превземаат обврски во повисоки износи, кои најчесто се обезбедуваат од сопствени извори, со што се намалува нивната ликвидност. Исто така може да не извршат избор на економски оператор, односно да не го набават лекот, со што ќе го доведат во прашање непреченото функционирање на установата односно лекувањето на пациентите.
Во исто време понудената цена е повисока и од единствената цена одобрена од Бирото за лекови, иако согласно Законот за лековите и медицинските помагала, правните лица кои вршат промет со лекови се должни да ги продаваат лековите по цена формирана во согласност со наведениот закон. Бирото за лекови има законска обврска да врши инспекциски надзор и да изрекува прекршок за правното лице кое продава лековите по цена над утврдената и одобрена од страна на Бирото за лекови.
Ревизијата смета дека во вакви случаи, каде понудената цена за лекови од страна на економските оператори е единствено понудена, и во исто време е повисока од референтната и од единствената цена, потребно е за ваквата состојбата да се известат Фондот, Министерството за здравство и Бирото за лекови и да побараат корекција на утврдената референтна цена односно нивно усогласување.

# 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на Заводот прикажани на страна 17-19 заедно со ревизија на усогласеност на , кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември 2009 година, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капитални средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Универзитетската клиника за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од :

- Д-р Сами Мена, в.д. Директор на Заводот од 06.03.2009 година до 02.02.2009 година, од 06.03.2009 година до 20.08.2010 директор и од 20.08.2010 година в.д. директор;
- Дипл. економист, Аншталковски Дамјан, Директор на Заводот од 06.03.2009 година до 20.08.2010 година.

Оваа одговорност вклучува: дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки; избор и примена на соодветни сметководствени политики; како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците на Заводот се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.

Поради прашањата опишани во делот „Цели и делокруг на ревизија„, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа: дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки, и дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Не се обезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински материјали на ниво на одделение (воспоставената евиденцијата нуди податоци за потрошокот по пациент), нема финансиска и материјална евиденција за приемот, потрошокот и

залихата на лабораториски материјали, вкупно фактурираните лекови, медицински и лабораториски материјали до Фондот неможат да се споредат со реално потрошените на ниво на Заводот.
Поради прашањата изнесени погоре, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 13.09.2010 до 08.10.2010 година од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години

За годините кои и претходат на годината, што е предмет на оваа ревизија, не е вршена ревизија.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот – предмет на ревизија на ден 08.10.2010 година.
На ден 17.01.2011 година примени се забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор заведени под бр.10-197/1 година.
Примените забелешки се разгледани и констатирано е дека забелешките на препораките на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., и 3.2.5. претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за кои Заводот има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат.
Забелешките на точките 3.2.4. и 3.3.1. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата. Упатената забелешка на **точка 1.2.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, **се прифаќа** и истите се дополнуваат во полн назив.

Упатената забелешка на **точка 4.1.5. и 4.3.3.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, претставуваат **известување** за превземените активности кои имаат влијание и се дел од финансиските извештаи за 2010 година.

Текстот на забелешките по Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

### Процес на управување со готовинските средства

4.1.1. Заводот нема пишани процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовинските средства на сметка во носителот на платниот промет и нивно евидентирање, како приход остварен по основ на извршени здравствени услуги за лица кои не се здравствено осигурени и по основ на партиципација. Поради отсуството на соодветни процедури и постапки за контрола на степенот на наплатените и уплатените средства по наведените основи, постои ризик од нецелосна евиденција на приливот и одливот на паричните средства во благајната како и ризик од можни злоупотреби на истите, кој овозможува незаконско и ненаменско користење на средствата.
Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со готовинските средства.

### Процес на управување и евидентирање на залихи

4.1.2. Заводот нема пишани процедури за процесот на прием, издавање, потрошок и евидентирање на залихата на лековите, медицинските и лабораториските материјали во рамките на Болничката аптека и во рамките на секоја организациона единица одделно. Ваквата состојба предизвикува ризик искажаните податоци да не ја отсликуваат реалната состојба на залихите и нивниот потрошок на Заводот.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвени и доставени се процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите, медицинскиот потрошен и лабораториски материјал и тоа: Процедури за прием на пациенти во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга и процедура за пресметка и наплата на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги (партиципација) број 03-1013/1 од 07.12.2010 година и Дополнителен прилог-Процедура за наплата, уплата во благајна и преносот на готовински средства на сметка во

носителот на платниот промет број 03-1013/2 од 07.12.2010 година, како и Процедури за нарачка и прием на лекови, реагенси и друг потрошен медицински материјал во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга број 03-1031/1 од 10.12.2010 година„.

**Препорака:**
Надлежните органи за управување и раководење со Заводот да ги продолжат активностите со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на процедурите за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите, медицинскиот потрошен и лабораториски материјал.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Актот за систематизација на работни места во Заводот, како акт со кој се уредува внатрешната организација и систематизација на работните места, не предвидува опис и попис на работните места со кои ќе се утврдат работните задачи, одговорностите и овластувањата на вработените во организационите единици на Универзитетската клиника, што не е во согласност со член 19 од Статутот на Заводот.
Некомлетноста на наведениот акт придонесува Заводот да нема извршено поделба на надлежностите и одговорностите во рамките на организационата поставеност.
Со донесувањето на Законот за јавните службеници, вработените кои вршат работи од јавен интерес во дејноста на здравството се јавни службеници.
По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвен е Акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-38/1 од 13.01.2011 година.

4.2.2. Заводот има ангажирано од 13 до 17 волонтери кои извршуваат работи и работни задачи од редовен работен однос во период и по неколку години. Волонтерите се ангажирани за работни места лекар, медицинска сестра и помошен персонал.
Во периодот од 2008 до 2010 година Заводот има доставено Барања за согласност за вработувања на 15 лица во редовен работен однос за овие работни места, за кои се уште не е добиен одговор од Министерството за финансии. Поради ваквата состојба истите лица продолжуваат да ги извршуваат доделените работни задачи и во 2010 година врз основа на склучени договори за волонтерство.

Ревизијата констатира дека Заводот нема утврдено програма за волонтирање, начин и постапка за обезбедување на лицата волонтери, согласно член 6 од Законот за волонтерство. Ангажирањето на лица како волонтери, без утврдена постапка, услови и критериуми за избор, остава простор за субјективно одлучување при избор на лицата и не обезбедува фер конкуренција, односно го крши правото загарантирано со Уставот на Република Македонија, секому под еднакви услови да му е достапно секое работно место, како и недоследно почитување на законската регулатива.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвена е Програма за волонтерство број 02-39/1 од 13.01.2011 година.

**Препорака:**

Заводот во соработка со надлежните органи Министерство за здравство и Министерство за финансии, да продолжи со отпочнатите активности за вработувања на лицата во редовен работен однос, неопходни за непречено извршување на дејноста на Заводот.

4.2.3. Заводот нема основано Единица за внатрешна ревизија, што не е во согласност член 29 и член 30 од Закон за јавна внатрешна финансиска контрола. Поради невоспоставена внатрешна ревизија, раководството на Заводот нема информации за постоење и функционирање на интерните контроли, информации за веродостојноста и сеопфатноста на финансиските и оперативните активности при работењето и усогласеноста со законите и подзаконските акти.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, во Актот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-39/1 од 13.01.2011 година, Заводот има предвидено Одделение за внатрешна ревизија и изврши распоредување на работник на работно место внатрешен ревизор со Решение број 04-87/1 31.01.2011 година.

4.2.4. Извршивме ревизија на набавката, приемот, потрошокот и залихата на лекови, медицински и лабораториски материјали и нивна евиденција во Заводот и констатиравме дека превземените обврски по овој основ, во текот на 2009 година, изнесуваат 107.171 илјади денари, што претставува 72% од вкупно превземените обрвски, од кои за набавка на лекови и медицински материјали

превземени се обврски во износ од 100.162 илјади денари, а за лабораториски материјали превземени се обврски во износ од 7.009 илјади денари.

**Набавката на лекови и медицински потрошен материјал** се врши од страна на Болничка аптека, одделение во состав на Заводот, со спроведување на постапки за јавна набавка преку Комисијата за јавна набавка при Заводот.

**Испораката** на лекови и медицински материјали од Болничка аптека до секое одделение се врши врз основа на барања доставени од самите одделенија. За испорачаните количини на лекови и медицински материјали се задолжува секое одделение.

Евиденцијата на лекови и медицински материјали во одделенијата се врши рачно, односно **приемот** на лекови го евидентираат во „рачни приемни книги„ а **потрошокот** по пациент на болнички листи/пресметки кои се изработуваат компјутерски.

**Набавката на лабораториските материјали** се врши од страна на самите лаборатории, со спроведување на постапки за јавна набавка преку Комисијата за јавна набавка при Заводот. Секоја лабораторија одделно врши набавка и прием на лабораториски материјали директно од самите економски оператори/ добавувачи.

**Потрошокот** на лабораториски материјали се води по извршени анализи по пациент со што се изготвува Пресметка за извршената услуга по метод на Дијагностички сродни групи - ДСГ, согласно Одлуката за утврдување на референтни цени на сервисни услуги кои се користат во болничка здравствена заштита.

За извршените здравствени услуги се изработуваат **фактури,** кои паѓаат на товар на Фондот или на товар на пациентите (приватни услуги) и истите се темелат на поединечните пресметки по пациент.

Ревизијата констатира дека за вкупниот прием и испорака на лековите и медицинските материјали од Болничка аптека до одделенија, Заводот има финансиска и материјална евиденција, додека:

- нема евиденција за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински материјали на ниво на одделение (воспоставената евиденцијата нуди податоци за потрошокот по пациент),
- нема финансиска и материјална евиденција за приемот, потрошокот и залихата на лабораториски материјали;

- вкупно фактурираните лекови, медицински и лабораториски материјали до Фондот неможат да се споредат со реално потрошените на ниво на Заводот, што не е во согласност со одредбите од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници.

Со вака воспоставениот начин на евиденција на лекови и медицински материјали, невоспоставена евиденција на лабораториските материјали и залихите во секое одделение и лабораторија одделно, оневозможено е следење на нивното трошење и утврдување на одговорност во случај на отстапување на нивната состојба, поради што ревизијата не можеше да се увери во реалноста и објективноста на трошењето и залихата на лекови, медицински и лабораториски материјали на Заводот.

Во тек е имплементирање на модул со кој ќе се овозможи целосна евиденција на приемот, потрошокот и залихите на лекови, медицински и лабораториски материјали на ниво на Заводот.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Заводот да превземат активности за имплементирање на горенаведениот модул.

4.2.5. Заводот за користење на здравствените услуги од други јавни здравствени установи нема склучено договори за регулирање на меѓусебните права и обврски во давањето и користењето на здравствените услуги со јавните здравствени установи во болничка здравствена заштита што не е во согласност со член 13 од Договорот за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита. Ваквата состојба има за ефект превземање на обврски и исплата на средства без меѓусебно регулирање на правата и обврските.

По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот доставени се Договори за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со давање на здравствени услуги со здравствените установи.

**Препорака:**

Заводот да продолжи со активностите за склучување на договори за користењето и давање на здравствените услуги со другите јавни здравствени установи за регулирање на меѓусебните права и обврски.

## 4.3. Користење на средства согласно законски прописи

4.3.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки спроведени во 2008 и 2009 година, извршивме ревизија на 43 од вкупно 64 спроведени постапки. Опфативме 59% од вредноста на склучените договори односно износ од 59.043 илјади денари, при што констатиравме состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки, поради следново:

- во една постапка за јавна набавка Одлуката за јавна набавка е донесена на поголем износ од износот наведен во Планот за јавни набавки за 1.800 илјади денари, за кој не е извршена измена или дополна на годишниот план. Утврдената состојба не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки,
- склучен е договорот за доделување на јавна набавка на износ поголем за 1.830 илјади денари од износот наведен во Одлуката за јавна набавка. Утврдената состојба не е во согласност со член 28 од Законот за јавни набавки,
- за потребите од набавка на лекови донесени се две поединечни одлуки за набавка во вкупен износ од 64.470 илјади денари (со вклучен ддв) и две поединечни одлуки за набавка на потрошен материјал за хемодијализа во вкупен износ од 70.000 илјади денари (со вклучен ддв), кои се спроведени со отворена постапка, притоа избегнувајќи огласите да бидат објавени во Службено гласило на Европската унија или во соодветна деловна публикација или технички или професионален весник кој е достапен на широката меѓународна стручна и друга јавност. Со делењето на набавките не е обезбедена конкуренција меѓу понудувачите и транспарентност во доделувањето на договорите и постои можност набавките на лекови и потрошен материјал за хемодијализа, да се извршени по повисоки цени. Утврдената состојба не е во согласност со член 27 од Законот за Јавни набавки,
- спроведени се 37 постапки за јавни набавки во вкупен износ 7.095 илјади денари, кои не се предвидени во Планот за јавни набавки за 2009 година. Измена и дополнување на Планот за јавни набавки е извршено на ден 23.02.2010 година, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки,
- Не е воспоставено следење на реализација на договорите за јавна набавка, поради што Заводот има превземено обврски во вкупен износ од 2.179 илјади денари над вредноста на

склучените договори. Утврдената состојба не е во согласност со член 29 точка 2 од Законот за јавни набавки,

- Предметите за спроведени постапки со барање за прибирање на понуди до 5.000 евра без објавување на оглас не содржат доказ за доставени барања за прибирање на понуди до најмалку три економски оператори, согласно член 100 од Законот за јави набавки. Оваа состојба е надмината во текот на 2010 година;
- Членовите на Комисијата за јавни набавки немаат потпишано Изјави за постоење или непостоење на судир на интереси како составен дел од документацијата за соодветната постапка за јавна набавка, што не е во согласност со член 173 од Законот за јавни набавки.

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Заводот да ги задолжат вработените одговорни за спроведување на постапките за јавни набавки и доделувањето на договорите за јавни набавки, континуирано да ги превземаат потребните активности за надминување на утврдените состојби и обезбедат законско постапување во процесот на јавни набавки.

### Вкупни ефекти од наодите

Врз основа на изнесените констатации, кои се однесуваат на необезбедени достатни и соодветни податоци за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински материјали на ниво на одделение (воспоставената евиденцијата нуди податоци за потрошокот по пациент), немање финансиска и материјална евиденција за приемот, потрошокот и залихата на лабораториски материјали, неможност вкупно фактурираните лекови, медицински и лабораториски материјали до Фондот да се споредат со реално потрошените на ниво на Заводот, ние не бевме во можност да добиеме доволен соодветен ревизорски доказ за да обезбедиме основа за изразување ревизорско мислење.

# 5. Ревизорско мислење

## 5.1. Мислење за финансиските извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2.4., ние не бевме во можност да добиеме достатни соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за нашето ревизорско мислење. Согласно на тоа, ние не изразуваме мислење за финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Завод за нефрологија Струга на ден 31 декември 2009 година.

## 5.2. Мислење за усогласеност со закони и прописи

Поради ограничувањето на делокругот објаснет во точките 4.2.4. ние не сме во можност да изразиме мислење за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавната здравствена установа Завод за нефрологија Струга, се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

# 6. Нагласување на прашања на неизвесност

6.1. Владата на Република Македонија согласно Законот за здравствена заштита донесува и објавува Програми за здравствена заштита, со кои утврдуваат мерки, задачи и активности, содржина, обем и рокови за нивно извршување како и финансиски средства за остварување на ниво на програма и тоа за осигурени и неосигурени лица. Програмите се реализираат во обем на срествата одобрени од Буџетот на Република Македонија за тековната година.

Распределба на средствата на јавните здравствени установи по Програми и надзор на спроведување на истите врши Министерство за здравство.

Финансиските средства за остварување на целите по програми, се одобрени во вкупен износ на ниво на сите јавни здравствени установи, без притоа да се утврди висината на средствата потребни за реализирање на програмата на ниво на секоја јавна здравствена установа одделно. Ваквата состојба овозможува превземените активности/извршување на здравствени услуги по програми во обем да ги надминат одобрените средства по Програма, што има за последица неможност за наплата во целост на побарувањата на јавните здравствени установи по наведените основи од Министерство за здравство. Со ден 31.12.2009 година Заводот

има ненаплатени побарувања од Министерство за здравство за извршени здравствени услуги по Програми за здравствена заштита во износ од 4.848 илјади денари.

6.2. Плаќањето на здравствените услуги од страна на Фондот за здравствено осигурување на Македонија се врши во висина на вкупниот надоместок утврден со Договор за извршување и плаќање здравствени услуги во болничка здравствена заштита во износ од 182.895 илјади денари. Во текот на 2009година, Заводот извршил здравствени услуги за осигурени лица на товар на Фондот во вкупен износ од 203.390 илјади денари, односно 20.495 илјади денари над договорениот вкупен надоместок.

Во деловните книги на Заводот побарувањата од Фондот за извршени здравствени услуги во износ 20.495 илјади денари се пренесени како почетна состојба за тековната 2010 година, иако во член 13 од наведениот договор, е наведено ........„Доколку износот на средствата што здравствената установа го фактурирала ......... е поголем од износот на утврдениот договорен износ, здравствената установа го отпишува побарувањето ....„.

Ревизијата смета дека со лимитирање на износот на средства кој Фондот го исплаќа за извршени здравствени услуги, Заводот ќе се доведе во ситуација да го ограничи обемот на своето работење преку ограничен прием на пациенти или да врши здравствени услуги кои нема да бидат платени од страна на Фондот со што ќе се намалува ликвидноста и ќе се доведе во прашање неговото функционирање, како и други можни последици по установата и пациентите.

6.3. По спроведена постапка за јавна набавка на лекови склучени се договори со економски оператор за набавка на лекови, по цена повисока од утврдената референтна цена од страна на Фондот со Одлуката за утврдување на референтни цени на лекови кои се на листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.

Имено, цените на лекови се формираат согласно Законот за здравственото осигурување, односно Фондот утврдува референтна цена која преставува износ кој Фондот го надоместува. Начинот и методологијата за утврдување на референтните цени на лековите кои се на Листата на лекови кои паѓаат на Товар на Фондот се уредени со Правилник за начинот и методологијата за утврдување на референтни цени на лекови.

Економскиот оператор со кој се склучени договорите се јавува како единствен понудувач на бараниот лек. Поради набавка на лекот по повисока цена од рефентната цена, Заводот има превземено обврски во повисок износ, кои се обезбедени од сопствени извори. Доколку

набавката на лекови се врши по цени повисоки од рефентните цени, се доведува во прашање примената на член 37 од Законот за буџетите, согласно кој буџетските корисници се должни буџетските средства да ги користат наменски, рационално, економично и ефикасно.

Во исто време понудената цена е повисока и од единствената цена одобрена од Бирото за лекови. Согласно член 109 од Законот за лековите и медицинските помагала, правните лица кои вршат промет на големо и промет на мало со лекови се должни да ги продаваат лековите по цена формирана во согласност со наведениот закон. Исто така Бирото за лекови има законска обврска да врши инспекциски надзор согласно член 5 од законот како и изрекување на прекршок за правното лице кое не постапува во согласност со член 109, односно кое продава лековите по цена над утврдената и одобрена од страна на Бирото за лекови. Ревизијата смета дека во вакви случаи, каде понудената цена за лекови, од страна на економските оператори е единствено понудена, и во исто време е повисока и од референтната цена и од единствената цена, потребно е за ваквата состојбата јавните здравствени установи да го известат Фондот (Комисијата за утврдување на предлог референтни цени и Управниот одбор) и Министерството за здравство и да побараат корекција на утврдената референтна цена односно нивно усогласување како и Бирото за лекови заради превземање на мерки и активности во нивна надлежност.

Ваквата состојба предизвикува јавните здравствени установи или да го набават лекот по повисока цена од референтната и со тоа разликата во договорената цена да ја покриваат од сопствените извори на средства, со што се намалува нивната ликвидност, или поради повисоко понудената цена од единствената цена, да не извршат избор на економски оператор, односно да не го набават лекот, со што ќе го доведат во прашање непреченото функционирање на установата односно лекувањето на пациентите.

6.4. Обрнуваме внимание дека Заводот се јавува како тужена страна во две судски постапки каде вредноста во моментот на отпочнување на постапката не е определена, и како тужител по разни основи во пет судски постапки во кои Заводот побарува вкупна вредност од 1.554 илјади денари. Во моментот на ревизијата конечниот исход од истите не е познат.

6.5. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Заводот во текот на ревизијата:

- Во текот на вршење на ревизијата извршени се корекции на одделни позиции искажани во финансиските извештаи за 2009 година, поради сметководствени грешки кои што субјектот ги прифати и евидентира во деловните книги и финансиски извештаи под 31.12.2009 година, кои што како ефекти од ревизијата ја намалуваат вкупната актива и пасива во Билансот на состојба за 2009 година за 6.265 илјади денари. Исправките се спроведени со налози за книжење број 0010/10 од 13.10.2010 година.

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образложение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Неданочни приходи | 3.1. | 6,164 | 8,199 |
| Трансфери и донации | 3.2. | 200,858 | 216,012 |
| **Вкупно приходи** | | **207,022** | **224,211** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 3.3.1. | 83,493 | 71,756 |
| Стоки и услуги | 3.3.2. | 119,594 | 133,386 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **203,146** | **205,142** |
| **Капитални расходи** | | | |
| Капитални расходи | 3.4. | 3,602 | 18,484 |
| **Вкупно капитални расходи** | | **3,602** | **18,484** |
| **Вкупно расходи** | | **206,748** | **223,626** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | | **274** | **585** |
| **Нето вишок на приходи** | | **274** | **585** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло-жение | 2009 | 2008 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 317 | 592 |
| Побарувања | 4.1.2. | 26,023 | 1,131 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 4.1.3. | 2,066 | 5,589 |
| Побарувања од вработените | 4.1.4. | 19 | 52 |
| Побарувања од државата и други институции | 4.1.5. | 161 | 272 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.6. | 65,549 | 42,000 |
| Залихи | 4.1.7. | 19,036 | 14,160 |
| **Вкупно тековни средства** | | **113,171** | **63,796** |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални добра и природни богатства | 4.2.1. | 57,932 | 57,932 |
| Материјални средства | 4.2.2. | 198,537 | 190,981 |
| Долгорочни кредити и позајмици дадени во земјата и странство и орочени средства | 4.2.3. | 119 | 119 |
| **Вкупно постојани средства** | | **256,588** | **249,032** |
| **Вкупна актива** | | **369,759** | **312,828** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност | 4.3.1. | 3 | 3 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.3.2. | 58,740 | 36,422 |
| Обврски за даноци и придонеси од добивката | 4.3.3. | 44 | 21 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 4.3.4. | 6,835 | 5,577 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.5. | 26,262 | 1,681 |
| **Вкупно тековни обврски** | | **91,884** | **43,704** |
| **Извори на средства** | | | |
| Извори на капитални средства | 4.4.1. | 277,875 | 269,124 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | | **277,875** | **269,124** |
| **Вкупна пасива** | | **369,759** | **312,828** |

**ПРЕГЛЕД**
**НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА КАПИТАЛНИТЕ СРЕДСТВА ЗА 2009 ГОДИНА**

**во 000 денари**

| **О П И С** | **Државен јавен капитал** | **Останат капитал (залихи на материјали, резервни делови и ситен инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **254,964** | **14,161** | **269,125** |
| **Зголемување по основ на:** | **17,583** | **115,664** | **133,247** |
| Набавки | 11,436 | 115,664 | **127,100** |
| Ревалоризација на материјални и нематеријални средства | 6,147 | 6,147 | **6,147** |
| **Намалување по основ на:** | **(13,709)** | **(110,789)** | **(124,498)** |
| Амортизација на постојани средства | (10,026) | | **(10,026)** |
| Погрешна сметководствена евиденција од минати години | (3,683) | | **(3,683)** |
| Потрошок | - | (110,789) | **(110,789)** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **258,838** | **19,036** | **277,875** |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна здравствена установа
Завод за нефрологија
Бр. 03-51/1
14.01. 2011 год.
СТРУГА

17.01.2011

10 197/1

До
Државен Завод за ревизија
С к о п ј е

Предмет: **Забелешки по Нацрт – Извештај**

Во врска со Нацрт – Извештајот за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на **Јавната здравствена установа Завод за нефрологија-Струга за 2009 година** заведен под Ваш број 10-181/5 од 15.12.2010 година, во оставениот рок од 30 дена, Заводот ги доставува следниве:

**З а б е л е ш к и**

Постапувајќи по Препораките наведени во Нацрт – Ивештајот, Заводот постапи и го изврши следново:

1. По *точка 3.2.1.* - од страна на Управниот Одбор на Заводот донесен е **Акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места – со опис и попис.**

*Прилог:* Акт за внатрешна организација...

2. По *точка 3.2.2.* - од страна на Управниот Одбор на Заводот, донесена е **Програма за волонтирање** (со критериуми за ангажирање на волонтери ).

*Прилог:* Програма за волонтирање

3. По *точка 3.2.3.* - согласно Вашата препорака, во **Актот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места – со опис и попис** предвидена и имплементирана е **Единица – Одделение за внатрешна ревизија,**

*Прилог:* Акт за внатрешна организација...

4. По *точка 3.2.5.* - изготвен е терк на **Договор за регулирање на меѓусебните права и обврски** во давањето и користењето на здравствени услуги со другите јавни здравствени установи.
Наведениот Договор веќе се дистрибуира до другите ЈЗУ.

*Прилог:* Договор
Пропратен допис

5. На *страна 19* од Нацрт Извештајот, во делот ***I.ОПТШИ ПОДАТОЦИ***, во *точка 1.2.* – при набројувањето на дејностите на Заводот, утврдени во член 12 од Статутот, пропуштени се зборовите – дејностите:
-... мелитус и дијабетичка нефропатија и други пореметувања на метаболизмот.
-... како и Амбалуната за инфективни болести и Амбуланта за детска нефрологија.
- ендоскопска и лапароскопска урологија.
- интегрална рехабилитација со физикална терапија.

*Прилог:* Фотокопија на член 12 од Статутот на Заводот.

---

6.Во врска со точките 4.3.3. и 4.1.5. од Нацрт Извештајот, во Заводот е извршено прекнижување на контата 2700 со 1740 на износ 43.920,00 ден.
Со претходното, салдото на контото 2700 е нула, додека на контото 1740 салдото е 117.012,00 денари.

Прилог: Налог за книжење и две картички

---

7.ЈЗУ Завод за нефрологија-Струга, не се слага со наводите од ДЗР искажани во резимето во делот на планирањето, спроведувањето и реализацијата на постапките за јавни набавки конкретно за превземените обврски во вкупен износ од 2.179.000,00 денари над вредноста на склучените договори (или точка 3.3.1.

Имено, ЈЗУ Завод за нефрологија-Струга, согласно документацијата со која располага, а која документација беше и предадена на ревизорскиот тим и тоа: **Преглед на спроведени Јавни набавки во претходен период, а имаат реализација и во годината предмет на ревизијата** се гледа дека во колоната 14 – од прегледот (вредност на договорот за јавни набавки без ДДВ), вредноста на сите склучени договори или фактури без ДДВ изнесува 74.773.284,00 ден., а додека во колона 15 реализацијата на договорите во годината предмет на ревизијата со ДДВ изнесува 56.597.072,00 ден. и колона 16 реализација на договорот во претходен период со ДДВ, вредноста изнесува 17.594.045,00 денари или колоните (15 + 16) = 74.191.117,00 ден.) и ако се направи споредба на колоните 14 на која ќе и се додаде ДДВ износ од 11.215.992,00 ден. се добива износ од 85.989.276,00 и колоните (15+16) = 74.191.117,00 ден. ќе се добие реализација на договорите во процент од 86,28%.

Ова укажува на фактот дека Заводот не презел обврски од 2.179.000,00 ден. над вредноста на склучените договори.

Прилог: Преглед на спроведени јавни набавки во претходен период, а имаат реализација и во годината предмет на ревизијата.

Во делот 3.2.4. – не се слагаме дека нема евиденција за вкупната залиха и вкупниот потрошок на лекови и медицински материјал на ниво на одделение.

Имено, книговодствено се води евиденција за секој медицински оддел (вкупна залиха и потрошок на лекови и медицински материјал), но истата не се водење електронски, (него во тетратки, дневници, температурни листи, налози и слично) и врз основа на изготвените пресметки што ги прави секој медицински оддел за секој пациент поединечно - истите се фактурираат на ФЗО. Значи имаме целосна евиденција за предното.

Со инсталирањето на софтверот кое го завршивме имаме целосна евиденција на приемот, потрошокот и залихите на лекови, медицински и лабораториски материјали на ниво на Заводот.

Прилог: Акт за имплементација на процедурите од 05.01.2011 година, со соодветен пример.

Не се слагаме во делот 3.3. односно 3.3.1. – поради следново:

Се тврди дека несоодветно се постапило во доделувањето на договор за јавна набавка во една постапка за јавни набавки.

Износот во Одлуката за јавни набавки бил поголем од износот наведен во планот за јавни набавки, а додека склучениот договор за јавна набавка со избраниот најповолен понудувач е во согласност со одлауката за јавна набавка.

Нагласуваме дека сме постапиле правилно бидејќи се усогласуваат износите од одлуката за јавни набавки и од склучениот договор со избраниот најповолен понудувач.

Бидејќи планот за јавни набавки се донесува на крајот од месец Јануари за тековната година, Заводот неможел прецизно да го одреди во планот износот за потреби од јавни набавки.

Со воведувањето на трезорскиот систем на работење во Здравството за 2011 година ова сигурно во планот за јавни набавки ќе биде прецизирано.

Дека не биле предвидени во планот за јавни набавки дел на јавни набавки со барања за прибирање на понуди без објава на оглас, исто така не се слагаме бидејќи ако детално се прегледа планот за јавни набавки за 2009 година ќе се утврди дека поголем дел од спроведените постапки за јавни набавки без објава на оглас се предвидени во основниот план за јавни набавки, а дополнувањето на планот за јавни набавки значи конкретизирање на истите (поединечно).

Пример - реконструкција на сали за хемодијализа
-реконструкција на одделение за хемодијализа.

Исто така не се избегнати намерно меѓународни огласи за доделување на договори за јавни набавки за лекови и потрошен материјал за хемодијализа и сметаме дека правилно сме постапиле од причини што лекувањето на болните во Заводот е специфично, односно, за нив се тропат специфични лекови поради процесот на дијализа.

Иста е состојбата и во Прегледот за податоци за спроведени јавни набавки во 2009 година.

Имено, вредноста во колоната 14 е 100.682.748.00 денари без ДДВ + 15.102.412.00 денари ДДВ = 115.785.160.00 денари, а додека колоната 15 – реализација на договорите со ДДВ е 70.286.186.00 денари или споредено реализацијата на договорите е во процент од 60.71 %.

Прилог: Преглед за податоци за спроведени јавни набавки во 2009 година.

Исто така Реализацијата на договорите од спроведените јавни набавки се врши во секој медицински оддел од Заводот (како материјално и финансиски).

Имено после секоја завршена постапка за Јавна набавка, односно после склучување на договорите со избраните најповолни понудувачи на одговорните лица во медиоцинските оддели им се дава копија како од склучените договори така и од понудите од каде одговорните лица можат да ги следат како количините така и цените. И доколку се установи отстапување во поглед на повеќе испорачани количини од договореното или ако има повисоки цени од оние во најповолните понуди, одговорните лица обврзни се под хитно да го известат Координаторот за јавни набавки, односно Директорот на Заводот за нивна реакција кон добавувачите.

Исто така, од досегашното искуство што го има Заводот со економските оператори успешно функционира коресподенцијата со нив, а во врска со следење и реализацијата на договорот за јавни набавки.
Имено, економските оператори сигнализираат дека испораките за одредени стоки од договорот се при крај.

Не се слагаме во делот 3.1 – интерни контроли - процес на управување со готовински средства, односно 3.1.1.

Заводот има изготвено процедури за процесот на наплата, уплата во благајна и пренос на готовински средства на сметка во носителот на платниот промет и нивно евидентирање.

Имено, дневниот промет се дели по две основи и тоа секојдневно со дневни спецификации и тоа за промет по основ на извршени здравствени услуги за пациенти кои не се здравствено осигурани и по основ на партиципација и истиот се уплака во соодветна банка со два платни налози за приватно и партиципација.(со што имаме целосна и секојдневна евиденција).

Прилог: Дневни спецификации, платни налози и процедури за прием на дневен промет и внесување на истиот во соодветна банка..

Не се слагаме во делот процес на управување и евидентирање на залихи точка 3.1.2.

Имено, изготвени се процедури за процесот на прием, издавање и потрошок и евидентирање на залихите на лекови, медицински и лабораториски материјали, а при крајот на 2010 година имплементирање за предново и информатички модел кој во моментот функционира.

Прилог: Процедури

Истото е направено:

-поради итност на лековите за пациентите на хемодијализа.

-во постапката за јавна набавка на лекови еме барале услов - лековите кои што ќе ги понудат економските оператори мора да се регистрирани во Бирото за лекови на РМ. односно доколку на тендерот се пријават и странски фирми треба во РМ да имаат свои претставништа.

Со тоа мислиме дека е обезбедена конкуренција меѓу понудувачите и транспарентност во доделувањето на договорите за набавка на лекови и потрошен материјал за хемодијализа.

Со почит,

ЈЗУ Завод за нефрологија-Струга
ВД Директор
Д-р Сами Мени

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Јавна здравствена установа
Завод за нефрологија
СТРУГА

**Прилог број 2**

**Одговор**
**на забелешките на Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

Раководното лице, законскиот застапник на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност на Јавната здравствена установа Завод за нефрологија Струга (во натамошниот текст Завод) за 2009 година, на ден 14.01.2011 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, кои се заведени под број 10-197/1 од 17.01.2011 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и констатира дека забелешките на препораките на точките 3.1.1., 3.1.2., 3.2.1., 3.2.2., 3.2.3., и 3.2.5. претставуваат **известување** за превземените активности по дадените препораки, за кои Заводот има доставено дополнителни докази, поради што дел од препораките се менуваат.
Забелешките на точките 3.2.4. и 3.3.1. **не се прифаќаат** поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за причините за утврдените состојби, без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата. Упатената забелешка на **точка 1.2.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, **се прифаќа** и истите се дополнуваат во полн назив.

Упатената забелешка на **точка 4.1.5. и 4.3.3.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, претставуваат **известување** за превземените активности кои имаат влијание и се дел од финансиските извештаи за 2010 година.

Детални објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение како што следува:

1. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.1.1. и 3.1.2.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на донесување и воспоставување интерни акти, кои ќе овозможат имплементирање на процедури во сите сегменти од работењето, претставува **известување** за постапување по дадената препорака односно Заводот изготви и достави процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите, медицинскиот потрошен и лабораториски материјал. Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:
   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвени и доставени се процедури за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите, медицинскиот потрошен и

лабораториски материјал и тоа: Процедури за прием на пациенти во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга и процедура за пресметка и наплата на висината на учеството на осигурените лица во вкупните трошоци на здравствените услуги (партиципација) број 03-1013/1 од 07.12.2010 година и Дополнителен прилог-Процедура за наплата, уплата во благајна и преносот на готовински средства на сметка во носителот на платниот промет број 03-1013/2 од 07.12.2010 година, како и Процедури за нарачка и прием на лекови, реагенси и друг потрошен медицински материјал во ЈЗУ Завод за нефрологија Струга број 03-1031/1 од 10.12.2010 година„.

Препораката на наодот се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

**„Препорака:**

Надлежните органи за управување и раководење со Заводот да превземат активности со кои ќе се овозможи доследно имплементирање на процедурите за управувањето со готовинските средства и залихите на лековите, медицинскиот потрошен и лабораториски материјал„.

2. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.2.1.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на дополнување на актот за систематизација на работни места на Заводот со опис и попис на работни места како и негово усогласување со Законот за јавните службеници и подзаконските акти, претставува **известување** за постапување по препораката, односно Заводот изготви и достави Акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-38/1 од 13.01.20011 година. Поради наведеното препораката на наодот се брише, а во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвен е Акт за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-38/1 од 13.01.2011 година„.

3. Упатената забелешка на став 2 од **препораката на точка 3.2.2.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на изготвување на програма за волонтирање со утврдени критериуми за ангажирање на волонтери, претставува **известување** за постапување по препораката односно Заводот изготви и достави Програма за волонтерство број 02-39/1 од 13.01.2011 година. Поради наведеното став 2 од препораката на наодот се брише, а во наодот се додава нов став кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

   „По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот изготвена е Програма за волонтерство број 02-39/1 од 13.01.2011 година„.
4. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.2.3.** која се однесува на

мерките кои се потребни да се превземат во насока на предвидување и имплементирање на Единица за внатрешна ревизија во Актот за систематизација на работните места, претставува **известување** за постапување по дадената препорака, односно Заводот во Актот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-39/1 од 13.01.2011 година, предвиде Одделение за внатрешна ревизија, како и изврши распоредување на работник на работно место внатрешен ревизор со Решение број 04-87/1 31.01.2011 година. Поради наведеното препораката на наодот се брише, а во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

„По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, во Актот за внатрешна организација на работата и систематизација на работните места со опис и попис број 02-39/1 од 13.01.2011 година, Заводот има предвидено Одделение за внатрешна ревизија и изврши распоредување на работник на работно место внатрешен ревизор со Решение број 04-87/1 31.01.2011 година.

5. Упатената забелешка на **точка 3.2.4.** која се однесува на начин на евиденција на лекови и медицински материјали, невоспоставена евиденција на лабораториските материјали и залихите во секое одделение и лабораторија одделно, **не се прифаќа**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата во делот на наодот, односно во самите забелешки се наведуваат причините и превземените активности по утврдените состојби.

6. Упатената забелешка на **препораката на точка 3.2.5.** која се однесува на мерките кои се потребни да се превземат во насока на склучување договори за регулирање на меѓусебните права и обврски со другите јавни здравствени установи за користење и давање на здравствени услуги, претставува **известување** за постапување по дадената препорака односно Заводот изготвил Договори за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со давање на здравствени услуги и со Допис број 03-45/1 од 14.01.2011 година, ги доставил до јавните здравствени установи. Поради наведеното во наодот се додава нов пасус кој е интегрален дел на конечниот извештај и гласи:

„По доставување на Нацрт извештајот од извршената ревизија, од страна на Заводот доставени се Договори за регулирање на меѓусебните права и обврски во врска со давање на здравствени услуги со здравствените установи„.
Препораката на наодот се менува, истата е интегрален дел на конечниот извештај гласи:

„Заводот да продолжи со активностите за склучување на договори за користењето и давање на здравствените услуги со другите јавни здравствени установи за регулирање на меѓусебните права и обврски„.

7. Упатената забелешка на **точка 3.3.1.** која се однесува на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки **не се прифаќа,** и тоа:
   - во делот на алинеа 1 која се однесува на утврдената состојба дека не е извршена измена и дополна на Планот за јавни набавки во случај кога износот на донесената Одлука за јавна набавка е поголем од предвиден со Планот за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините и превземените активности по утврдените состојби.
   - во делот на алинеа 2 која се однесува на констатацијата дека склучен е договор за доделување на јавна набавка на износ поголем од износот наведен во Одлуката за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините и превземените активности по утврдените состојби.
   - во делот на алинеа 3 која се однесува на констатацијата дека извршено е делење на набавките со што се избегнува спроведување на соодветна постапка за јавна набавка. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините и превземените активности по утврдените состојби.
   - во делот на алинеа 4 која се однесува на констатацијата дека спроведени се одредени постапки за јавна набавка кои не се предвидени во Планот за јавни набавки. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите забелешки се наведуваат причините и превземените активности по утврдените состојби.
   - во делот на алинеа 5 која се однесува на утврдената состојба дека не е воспоставено следење на реализација на склучените договори за јавна набавка, поради што се превземени обврски над вредноста на склучени договори во вкупен износ од 2.179 илјади денари. Законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата. Во доставените забелешки законскиот застапник како параметар го земал во предвид вкупната вредност на сите склучени договори и вкупниот износ на целокупната

реализација, а не реализацијата по секој договор поединечно. Утврдената состојба од страна на ревизијата се однесува за превземени обврски во вкупен износ од 2.179 илјади денари над вредноста на 16 склучени договори.

8. Упатената забелешка на **точка 1.2.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, која се однесува на наведените дејности кои ги извршува Заводот во болничка здравствена заштита, **се прифаќа** и наведените дејности кои ги извршува Заводот се дополнуваат во нивниот полн назив. Поради наведеното став 3 од точката 1.2. се дополнува и гласи:
„ Заводот обавува:

  - Превенција, лекување и рехабилитација на нефролошки заболувања, дијализа и уролошки заболувања;
  - Откривање, дијагностика и лекување на покачен крвен притисок;
  - Превенција, лекување и пратење на дијабетес мелитус и дијабетичката нефропатија и други пореметувања на метаболизмот;
  - Примена на дијагностички методи со комплетна хематолошка, биохемиска, имунолошка и микробиолошка лабораторија, радиодијагностика, ултразвук со доплер дијагностика и биопсија, како и Амбуланта за инфективни болести и Амбуланта за детска нефрологија;
  - Амбуланта и хоспитална-оперативна уролошка дејност, со анестезија, реанимација и интензивно лекување;
  - Ендоскопска и лапароскопска урологија;
  - Снабдување со лекови, санитетски и друг потрошен материјал за потребите на Заводот;
  - Интегрална рехабилитација со физикална терапија;
  - Трансфузиологија и
  - Други дејности во врска со основната дејност-по овластување„.

9. Упатената забелешка на **точките 4.1.5 и 4.3.3.** од Образложенијата на финансиските извештаи за 2009 година, која се однесува на искажаните износи за позициите Побарувања од државата и други институции и Обврски за даноци и придонеси од добивката, претставува **известување** за спроведени финансиски трансакции во 2010 година и истите имаат влијание и се дел од финансиските извештаи за 2010 година.